**20241793115**

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21 и 74/24) и член 101 став 3 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19 и 122/21), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ИЗВЕШТАИ И ПОДАТОЦИ ОД СТРАНА НА БАНКИТЕ

1. Во Одлуката за објавување извештаи и податоци од страна на банките („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 36/23), во точката 9 потточка 9.4 по зборовите: „Тарифата за“ се додаваат зборовите: „каматите и“.

2. Во точката 34 потточка 34.3, ставот 2 се менува и гласи:

„Банката од ставот 1 на оваа точка ги објавува извештаите и податоците во роковите определени во точката 33 ставови 3 и 4 на оваа одлука. Банката од ставот 1 на оваа точка ги објавува податоците на квартална основа со состојба на 31 март и 30 септември, најдоцна до 31 мај, односно до 30 октомври.“

3. Во точката 45, во ставот 2 зборовите: „точката 28“ се заменуваат со зборовите: „точката 13 потточки 13.4 и 13.8 и точките 19 и 28“.

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2025 година.

Бр. 02-30210/6
29 август 2024 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Анита Ангеловска-Бежоска,** с.р.